Митко КОТОВЧЕВСКИ

# ВОЕНО-ДЕМОГЕОГРАФСКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА Р. МАКЕДОНИЈА

## 1. ВКУПЕН БРОЈ И ПОРАСТ НА НАСЕЛЕНИЕТО НА Р. МАКЕДОНИЈА

Од воен аспект населението претставува најважна квалитативна компонента на географскиот простор, војниште, војувалиште, зона, реон. Според нашата доктрина населението ја сочинува „живата сила“ која претставува најважен фактор на војната и вооружената борба. Воената географија го изучува населението на определен географски простор со цел да се согледа можниот степен на учество на населението во воениот потенцијал (населението претставува најважен елемент на воениот потенцијал).

Демографските потенцијали на Р. Македонија, значајни за успешно водење на војната, ќе ги презентираме преку анализата на основните демографски параметри:

- вкупниот број и прирастот на населението;
- густината и половата структура на населението;
- промените во националниот состав на населението;
- промените во старосната и половата структура на населението;
- промените на контингентите население по пол и старосни групи (проекција);
- промените на контингентите население по старосни групи и според националната припадност;
- миграционите движења на населението;
- стручно-образовното ниво на населението;
- здравствената состојба на населението.

Бројот на населението на Р. Македонија во периодот од 1921 до 1994 година, е во постојан и интензивен пораст што може да се констатира од изнесените статистички податоци (табела бр. 1).

Табела бр. 1

| Пописна година | Вкупно население | Индекс 1994=100 |
|---|---|---|
| 1921 | 808724 | 240,6 |
| 1931 | 949958 | 204,8 |
| 1948 | 1152986 | 168,8 |
| 1953 | 1304514 | 149,1 |
| 1961 | 1406003 | 138,4 |
| 1971 | 1647308 | 118,1 |
| 1981 | 1909136 | 101,9 |
| 1991 | 2033964[1)] | 95,7 |
| 1994 | 1945932 | 100,0 |

*Извор: Статистички годишник 1995 година, РЗС, Скопје, 1995 год.
[1)] Попишано и проценето население

Врз основа на претходно наведените статистички показатели, може да се констатира дека во периодот од 1921 - 1994 година, т.е. во периодот од 73 години, населението на Република Македонија се зголемило речиси два и пол пати (240,6%), а тој индикатор покажува дека територијата на Република Македонија е подрачје со мошне интензивен развој на населението.

И покрај тоа што вкупниот пораст на населението се одвивал мошне брзо и интензивно, сепак треба да се истакне дека таквиот развој на населението, меѓу пописните периоди, се движел со различна динамика. Од 1921 година до пописот во 1948 година т.е. првиот попис по Втората светска војна, порастот на населението се движел со 1,6% годишна стапка, во меѓупописниот период 1948-1953 година, просечната стапка изнесувала 2,6%, во периодот 1953-1961 изнесувала 0,1%, потоа во периодот од 1961-1971 година, годишната стапка изнесува 1,7%, исто така и во периодот од 1971-1981 година годишната стапка се движи од 1,6%, а во пописниот период од 1981-1991, годишната стапка на прираст изнесува 0,6%, додека трендот на движење на населението бележи просечна годишна стапка на зголемување од 1,4%.

Најголем прираст на населението е забележан во меѓупописниот период од 1948-1953 година, кога населението се зголемило за 151.528 жители, или просечно годишно се зголемувало за 30.305 лица. Од друга страна, најмал пораст на населението е регистриран во периодот 1981-1991 година, во кој населението се зголемило за 124.828 лица или 12.483 лица годишно, а во меѓупописниот период од 1991-1994 г., населението се намалило за 88032 лица или за 29334 лица годишно.




*Број на жители во Република Македонија според пописите*




*Вкупно население на Р. Македонија според типот на населеното место*

## 2. ГУСТИНА И ПОЛОВА СТРУКТУРА НА НАСЕЛЕНИЕТО НА Р. МАКЕДОНИЈА

Просторната разместеност (распоред) на населението претставува една од значајните квантитативни карактеристики на населението.

Таа е секогаш повеќе или помалку нерамномерна и се изразува преку густината на населеноста (преку просечната густина на населението во државата, на војништето, војувалиштето, на определен регион, реон, во зоната на изведување на борбените дејства, во руралните и урбаните населби итн.).

Густината на населението најчесто е повеќе приближна на реалната состојба на помали отколку на поголемите територии.

Единица мерка за просечната густина на населеноста е просечниот број на население на еден километар квадратен и неопходно е да се познава заради нејзиното влијание врз брзината на мобилизација и врз пополнувањето на ВС или на севкупниот одбранбено-заштитен систем на државата во целина.

Најчесто во секоја држава најгусто населени се деловите од територијата кои се најкомуникативни - со најдобра сообраќајна ин-

фраструктура, најплодните и стопански високоразвиените и најниските делови на релјефот. За разлика од повисоките делови на територијата (со поголема надморска висина) каде што густината на населението опаѓа, најгусто населените региони се повеќе осетливи, особено на разорните авио и ракетни дејства.

Половата структура на населението претставува значаен елемент на неговата биолошка структура која е мошна значајна за водење на војната. Промените на контингентите население по пол претставуваат одраз на промените во половата структура на живородените деца (диференцијалниот наталитет по пол), на промените на смртноста по пол (диференцијалниот морталитет по пол), промените во миграционите движења, но исто така значајни се и промените на некои надворешни фактори - војни, внатрешни конфликти кои предизвикуваат огромни масакри и етнички чистења.

Промените на оваа релација ни го презентираат квантитативниот однос помеѓу машкото и женското население во вкупното население. Исто така, овие промени на населението може да се искажат и преку коефициентот на маскулинитетот (број на машки лица на 1000 женски лица) и преку коефициентот на феминитет (број на женски лица на 1000 машки лица).

Промените на контингентите население по пол имаат огромно значење врз економскиот и социјалниот живот на државата или на поодделни нејзини региони. Од воен аспект, нивното познавање е значајно за успешно подготвување и водење на војната, но карактеристично за нашата земја (специфичност на сите мали држави), која има скромни човечки потенцијали, неминовно е тоа што, во воените структури ќе мора да ангажира поголем процент од женската популација, се разбира на полесни воени должности, а во определени ситуации и на извршување на борбени задачи (поучен е примерот со ангажирањето на жените во ВС на Израел).

Табела бр. 2 *Густина и полова структура на населението на Р. Македонија според пописите*

| Година | Површина во км$^2$ | Домаќинства | Население | | | Бр. на жители на км$^2$ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Вкупно | Машко | Женско | - |
| 1921 | 25713 | 146161 | 808724 | 401468 | 407256 | 31.5 |
| 1931 | 25713 | 164052 | 949958 | 478519 | 471439 | 36.9 |
| 1941 | 25713 | 218819 | 1152986 | 584002 | 568984 | 44.8 |
| 1951 | 25713 | 246313 | 1304514 | 659861 | 644653 | 50.7 |
| 1961 | 25713 | 280214 | 1406003 | 710074 | 695929 | 54.7 |
| 1971 | 25713 | 352034 | 1647308 | 834692 | 812616 | 64.1 |
| 1981 | 25713 | 435372 | 1909136 | 968143 | 940993 | 74.2 |
| 1991 | 25713 | 505852 | 2033964 | 1027352 | 1006612 | 79.1 |
| 1994 | 25713 | 501963 | 1945932 | 974255 | 971677 | 76.0 |

Извор: *Статистички годишник на Р. Македонија*, ЗС на Р. Македонија, Скопје, 1998 год.

Од презентираните податоци, може да се констатира дека Република Македонија има висока стапка на населеност, односно густина на населеност од 76,57 на км$^2$ (44,8 во 1948 и 74,2 во 1981, односно 76 на км$^2$ во 1994 година) (табела 2).

Што се однесува до половата структура на населението во Република Македонија може да се заклучи дека нема некои особени нарушувања и дека соодносот меѓу машкиот и женскиот пол во последниве четириесет години е со незначителна доминација на контингентот на машкото население.

*Број на жители на км$^2$ во Р. Македонија*




## 3. ПРОМЕНИТЕ ВО НАЦИОНАЛНИОТ СОСТАВ НА НАСЕЛЕНИЕТО ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бројната и структурната состојба на населението во Република Македонија според регистрираната национална припадност во времето на повоените пописи (1948, 1953, 1961, 1971, 1981 и 1994 година) на населението ја презентираме во табела бр. 3.

Врз основа на показателите од табелата, населението во Република Македонија од 1948 до 1981 година се зголемило за 756.150 жители или за 65,6%.

Но од наведените податоци исто така можеме да заклучиме дека порастот на одделните националности во Република Македонија не бил еднаков, односно нивното учество од попис до попис се разликува.

Македонците во 1948 година во вкупното население на Републиката учествувале со нешто повеќе од две третини (68,49%); меѓутоа во 1953 година нивното учество опаѓа на околу две третини (65,98%), што според наше мислење, пред сè е резултат од декларирањето на значителен број на Македонците-муслимани како Турци, (тие во 1948 година беа декларирани како Македонци).

Табела бр. 3 *Бројна и структурна состојба на населението во Р. Македонија според регистрираната национална припадност за време на пописот*[1]

| Година на попис | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1948 | | 1953 | | 1961 | | 1971 | | 1981 | | 1994 | |
| | бр. | стр. | бр. | стр. | бр. | стр. | бр. | стр. | бр. | стр. | бр. | стр. |
| Македонци | 768648 | 68.49 | 860699 | 65.98 | 1000854 | 71.19 | 1142375 | 69.35 | 1279323 | 67.01 | 1295964 | 66.6 |
| Црногорци | 2348 | 0.20 | 2526 | 0.19 | 3414 | 0.24 | 3246 | 0.20 | 3920 | 0.21 | 2318 | 0.12 |
| Хрвати | 2090 | 0.18 | 2770 | 0.21 | 3801 | 0.27 | 3882 | 0.23 | 3307 | 0.17 | 2248 | 0.12 |
| Муслимани | 1560 | 0.14 | 1591 | 0.12 | 3002 | 0.21 | 1248 | 0.08 | 39513 | 2.07 | 15418 | 0.8 |
| Словенци | 729 | 0.06 | 983 | 0.08 | 1147 | 0.08 | 838 | 0.05 | 648 | 0.03 | 403 | 0.02 |
| Срби | 29721 | 2.58 | 35.112 | 2.69 | 42728 | 3.04 | 46465 | 2.82 | 44468 | 2.33 | 40228 | 2.1 |
| Албанци | 197389 | 17.12 | 162524 | 12.45 | 183108 | 13.02 | 279871 | 16.98 | 377208 | 19.76 | 441104 | 22.6 |
| Роми | 19500 | 1.69 | 20462 | 1.57 | 20606 | 1.47 | 24505 | 1.49 | 43125 | 2.26 | 43707 | 2.3 |
| Турци | 95940 | 8.32 | 203938 | 15.63 | 131481 | 9.35 | 108552 | 6.59 | 86591 | 4.54 | 78019 | 4.1 |
| Власи | 9511 | 0.83 | 9668 | 0.67 | 8046 | 0.57 | 7190 | 0.44 | 6384 | 0.33 | 8601 | 0.5 |
| Југословени | - | - | - | - | 1260 | 0.09 | 3652 | 0.22 | 14225 | 0.74 | - | - |
| др. и непозн. | 4550 | 0.39 | 5241 | 0.40 | 6545 | 0.47 | 25484 | 1.55 | 10424 | 0.55 | 17922 | 0.9 |
| Вкупно | 1152986 | 100 | 1304514 | 100 | 1406003 | 100 | 1647308 | 100 | 1909136 | 100 | 1945932 | 100 |

Во 1961 година учеството на Македонците во вкупното население на Републиката значително се зголемува и изнесува над две третини (71,19%), што е резултат првенствено на масовното иселување на Турците во меѓупописниот период - 1953-1961 година.

Во 1971 година учеството на македонското население опаѓа за уште 2,3 процентни поени, што е пред сè резултат на натпросечното намалување на неговиот природен прираст во периодот од 1961 до 1981 година, а делумно и од други фактори.

Бројот на другите национални малцинства и други етнички групи е релативно понизок и мошне сликовито може да се следи од презентираните податоци, со исклучок на албанското население.

---

[1] Податоците за бројот на населението во Р. Македонија според националната припадност на жителите се земени од објавените книги за пописите на населението од Сојузниот завод за статистика: за 1948 год. IX; за 1953 год. од книга I; за 1961 год. од книга VI и за 1971 год. од книга VI. Податоците за 1981 година се земени од Статистички преглед (изд. РЗС).

*Населението во Република Македонија според пописите 1948, 1953, 1961, 1971, 1981 и 1994 година, според изјаснувањето за националната припадност*




*Вкупно население на Република Македонија според изјаснувањето за националната припадност според пописот од 1994 година*




Учеството на албанското население во вкупниот број на население на Македонија, според пописот од 1948 година изнесувало 17,12% што според наше мислење е нереално високо, бидејќи неколку десетини илјади Турци, Македонци-муслимани, а и Роми во некои општини и населби во кои албанското население било во мнозинство (но не само во нив) - се регистрирани како Албанци (за ова тврдење постојат мноштво валидни и емпириски потврдени податоци).

Со пописот на населението во 1953 година, учеството на албанското население во вкупното население на Република Македонија

опаѓа на 12,46%, од една страна што неколку десетици илјади Турци, Македонци-муслимани и Роми кои во 1948 година се регистрирале како Албанци, сега се прикажале како Турци, а од друга страна и заради тоа што повеќе илјади Албанци, заради заинтересираноста за иселување во Турција се декларирале како Турци. Во 1961 година учеството на албанското население во вкупното население на Републиката незначително се зголемило на 13.02%.

Во 1971 година учеството на албанското население во вкупното население на Републиката рапидно се зголемува, скоро за 4 процентни поени, во 1981 година се зголемува за уште нови 2,8 процентни поени и изнесува 19,76%, односно околу една петтина од вкупното население.

**Порастот на учеството на албанското население во периодот 1961-1981 година е продукт на енормно високиот (натпросечен) природен прираст, на механичкиот прилив на Албанци од Косово, а и од високиот процент на турско и ромско население кое се декларира како Албанско.**

За попрецизно презентирање на националната структура на населението ќе ја презентираме и табелата за структурата на населението во општините на Република Македонија според регистрираните основни националности во 1948, 1981 и 1994 година (во %) (табела бр. 4).

Тенденцијата за понатамошно зголемување на албанското население продолжува и во последните декади на овој век. Според податоците од последниот попис во 1994 год, нивното учество во вкупниот број на население се зголемува за 2.94 процентни поени и изнесува околу 22.7%.

**Бројот на македонското население се намалува за 0.41 процентни поени и изнесува 66.6% од вкупното население во Р. Македонија што претставува мошне негативна демографска тенденција која прераснува во закономерен процес на континуирано намалување на македонската популација.**

Табела бр. 4 *Структура на население во општините на Р. Македонија според изјаснувањето за национална припадност во 1948, 1981 и 1994 година (во %)*

| | 1948 | | | | 1981 | | | | 1994 | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Општина | Македонци | Албанци | Турци | др. | Македонци | Албанци | Турци | др. | Македонци | Албанци | Турци | др. |
| Р. Македонија | 68.49 | 17.12 | 8.32 | 6.07 | 67.01 | 19.76 | 4.54 | 8.69 | 66.6 | 22.70 | 4.00 | 6.70 |
| Скопје | 51.29 | 36.02 | 3.41 | 9.28 | 63.49 | 17.12 | 4.07 | 15.32 | 65.40 | 20.80 | 2.40 | 1.40 |
| Берово | 96.66 | 0.02 | 0.45 | 2.87 | 93.19 | 0.05 | 2.63 | 4.13 | 93.90 | 0.00 | 2.30 | 3.80 |
| Битола | 83.29 | 5.50 | 8.65 | 2.56 | 89.78 | 3.88 | 2.54 | 3.80 | 91.00 | 3.70 | 1.80 | 4.10 |
| Брод | 94.76 | 4.84 | 0.02 | 0.38 | 74.26 | 0.02 | 16.95 | 8.77 | 68.60 | 0.20 | 30.80 | 0.40 |
| Валандово | 54.43 | 0.11 | 40.01 | 5.45 | 80.54 | 0.52 | 11.57 | 7.37 | 81.90 | 0.10 | 12.10 | 5.90 |
| Виница | 62.53 | 0.01 | 33.64 | 3.82 | 90.89 | - | 2.00 | 7.11 | 92.90 | - | 1.30 | 5.80 |
| Гевгелија | 87.01 | 0.13 | 4.28 | 8.58 | 92.07 | 0.41 | 2.01 | 5.51 | 93.80 | 0.20 | 2.00 | 4.00 |
| Гостивар | 24.58 | 73.88 | 0.22 | 1.32 | 18.20 | 62.51 | 10.88 | 8.41 | 18.60 | 63.70 | 12.70 | 5.00 |
| Дебар | 57.53 | 29.67 | 11.54 | 1.26 | 11.38 | 45.82 | 22.92 | 19.88 | 21.10 | 44.40 | 26.30 | 8.20 |
| Делчево | 77.73 | - | 20.02 | 2.25 | 95.47 | 0.04 | 0.96 | 3.53 | 96.40 | 0.00 | 0.60 | 3.00 |
| Демир Хисар | 94.97 | 4.91 | 0.03 | 0.09 | 96.42 | 0.76 | 1.77 | 1.05 | 96.70 | 2.00 | 0.30 | 1.00 |
| Кавадарци | 95.64 | 0.03 | 0.75 | 3.58 | 93.04 | 0.12 | 1.14 | 5.70 | 95.80 | 0.00 | 0.40 | 3.80 |
| Кичево | 60.64 | 33.07 | 4.79 | 1.50 | 41.21 | 45.39 | 6.50 | 6.90 | 39.70 | 49.20 | 7.20 | 3.90 |
| Кочани | 89.52 | 0.03 | 4.84 | 5.61 | 94.36 | 0.00 | 1.08 | 4.56 | 95.70 | - | 1.10 | 3.20 |
| Кратово | 98.26 | 0.05 | 0.19 | 1.50 | 97.89 | 0.01 | 0.19 | 1.91 | 98.30 | - | 0.10 | 1.60 |
| Крива Паланка | 94.70 | - | 0.24 | 5.06 | 96.90 | 0.00 | 0.05 | 3.05 | 96.90 | - | - | 3.10 |
| Крушево | 53.12 | 29.90 | 0.04 | 16.94 | 60.41 | 6.85 | 11.33 | 21.41 | 55.80 | 22.90 | 5.50 | 15.80 |
| Куманово | 53.23 | 29.82 | 1.49 | 15.46 | 52.18 | 31.41 | 1.83 | 14.58 | 50.50 | 36.90 | 0.30 | 12.30 |
| Неготино | 83.39 | 0.11 | 8.99 | 7.51 | 88.79 | 0.62 | 3.27 | 7.32 | 92.00 | 0.10 | 2.70 | 5.20 |
| Охрид | 98.05 | 0.98 | 0.09 | 0.88 | 84.48 | 5.58 | 4.18 | 5.76 | 86.40 | 4.70 | 3.90 | 5.00 |
| Прилеп | 83.46 | 8.28 | 7.38 | 0.88 | 87.95 | 0.36 | 4.53 | 7.16 | 88.10 | 1.70 | 4.20 | 6.00 |
| Пробиштип | 96.83 | 0.53 | 0.72 | 1.92 | 97.86 | - | 0.11 | 2.03 | 98.60 | - | 0.10 | 1.30 |
| Радовиш | 57.96 | 0.00 | 38.72 | 3.32 | 84.52 | 0.19 | 14.23 | 1.06 | 85.30 | 0.00 | 14.00 | 0.70 |
| Ресен | 75.01 | 10.64 | 10.46 | 3.89 | 69.30 | 14.55 | 12.54 | 3.61 | 76.10 | 9.80 | 10.60 | 3.50 |
| Свети Николе | 77.05 | 0.02 | 19.57 | 3.36 | 94.05 | 0.68 | 0.95 | 4.32 | 96.00 | 0.30 | 1.00 | 2.70 |
| Струга | 60.33 | 33.27 | 1.29 | 5.11 | 53.32 | 41.85 | 1.71 | 3.12 | 44.40 | 45.20 | 5.30 | 5.10 |
| Струмица | 80.38 | 0.02 | 17.82 | 1.78 | 92.35 | 0.02 | 6.32 | 1.31 | 92.90 | 0.00 | 6.40 | 0.70 |
| Тетово | 31.25 | 66.80 | 0.51 | 1.44 | 23.68 | 69.85 | 2.88 | 3.59 | 20.80 | 74.40 | 2.30 | 2.50 |
| Титов Велес | 76.60 | 5.84 | 14.86 | 2.70 | 81.45 | 4.03 | 5.89 | 8.63 | 82.90 | 6.70 | 3.60 | 6.80 |
| Штип | 66.34 | 0.01 | 26.23 | 7.42 | 85.48 | 0.16 | 5.33 | 9.03 | 87.40 | 0.00 | 4.10 | 8.50 |

Извор: Пресметано од авторот

## 4. ПРОМЕНИТЕ ВО СТАРОСНАТА И ПОЛОВАТА СТРУКТУРА НА НАСЕЛЕНИЕТО ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Старосната и половата структура на населението во суштина се биолошки (демографски) структури што не значи дека тие се надвор од општествено-економските фактори и промени. Во целината на сложените меѓуодноси во вкупното движење на населението и промените на неговите структури, примарниот однос се формира меѓу вкупното движење на населението (природно и механичко) и промените во неговата старосна и полова структура. Старосната и половата структура на населението е од големо значење за сегашниот и идниот демографски развој на секоја земја

(особено за нејзините одбранбени потенцијали). Промените во старосната и половата структура на населението влијаат врз промените на контингентите на населението, имено врз: контингентите на население по пол и старосни групи (по пет години или поголеми старосни групи), репродуктивните (фертилни) контингенти, работоспособните контингенти (работна сила) и други.

### 4.1. ПРОМЕНИ НА КОНТИНГЕНТИТЕ НАСЕЛЕНИЕ ПО ПОЛ И СТАРОСНИ ГРУПИ

(петгодишни старосни групи и групи од 0-19, 20-59 и 60 и повеќе години)

Врз основа на презентираните податоци во табела бр. 5 се гледа дека во Република Македонија во целиот период од 1948 до 1981 година контингентот машко население е поголем од контингентот женско население, иако од 1948-1961 година има тенденција на благо опаѓање, а од 1961-1981 бележи тенденција на благ пораст. Прогнозата до 2000-та година предвидува, исто така, поголем контингент машко население, но со тенденција кон смалување на машкото население во споредба со 1981 година.

Табела бр. 5 *Структура на населението во РМ по пол, според пописите на населението, прогнозата до 2000 година и коефициентот на маскулинитетот*

| Население | 1948 | 1953 | 1961 | 1971 | 1981 | 1994 | 2000 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно | 100.00 | 100.00 | 100.00 | 100.00 | 100.00 | 100.00 | 100.00 |
| Машко | 50.65 | 50.58 | 50.50 | 50.67 | 50.71 | 50.10 | 50.66 |
| Женско | 49.35 | 49.42 | 49.50 | 49.33 | 49.29 | 49.90 | 49.34 |
| Број на мажи на 1000 жени (коеф. на маскулинитет) | 1.026 | 1.024 | 1.020 | 1.027 | 1.029 | 1.021 | 1.027 |

Извор на податоци: РЗС, *Статистички годишник на СР Македонија,* 1982, Скопје, стр. 59 и 60.

Извор на податоци: ЗСРМ, *Статистички годишник на Р. Македонија,* 1998, стр. 100.

Од сето ова произлегува дека во Република Македонија, како целина, постојат позитивни услови за поголем обем на работна сила, односно демографски мобилизациски потенцијал.

## 4.2. ПРОМЕНИТЕ ВО КОНТИНГЕНТИТЕ НАСЕЛЕНИЕ ПО СТАРОСНИ ГРУПИ

(петгодишни старосни групи и старосни групи од 0-19, 20-59 и 60 и повеќе години)

Промените на контингентите население, како одраз на промените во старосните групи население, се доста значајни, затоа што од нив се согледува какви се состојбата и односот меѓу активното и издржуваното население, можностите за репродукција на населението, староењето или подмладувањето на населението, односно можностите за пополнување на ВС и на другите субјекти на одбранбено-заштитниот систем на Република Македонија.

Табела бр. 6 *Староснаша сшрукшура на населениешо во РМ йо йешгодишни сшаросни груйи и йо йол за йериодош од 1948 до 1994 година)*

| Староснa група | 1948 | | | 1981 | | | 1994 | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупно | Машко | Женско | Вкупно | Машко | Женско | Вкупно | Машко | Женско |
| Вкупно | 100.00 | 100.00 | 100.00 | 100.00 | 100.00 | 100.00 | 100.00 | 100.00 | 100.00 |
| 0-4 | 13.85 | 15.77 | 13.63 | 10.04 | 10.20 | 9.88 | 7.80 | 8.10 | 7.60 |
| 5-9 | 12.15 | 12.34 | 11.95 | 9.63 | 9.84 | 9.52 | 8.40 | 8.60 | 8.20 |
| 10-14 | 11.99 | 12.33 | 11.64 | 9.36 | 9.52 | 9.20 | 8.60 | 8.80 | 8.40 |
| 15-19 | 10.27 | 10.16 | 10.38 | 9.33 | 9.47 | 9.09 | 8.40 | 8.50 | 8.20 |
| 20-24 | 9.19 | 9.10 | 9.29 | 9.13 | 9.27 | 8.99 | 7.90 | 8.00 | 7.70 |
| 25-29 | 7.05 | 7.01 | 7.10 | 8.65 | 8.78 | 8.51 | 7.80 | 7.90 | 7.70 |
| 30-34 | 5.26 | 5.31 | 5.20 | 7.65 | 7.69 | 7.61 | 7.60 | 7.70 | 7.50 |
| 35-39 | 6.54 | 6.67 | 6.40 | 5.96 | 5.96 | 5.96 | 7.50 | 7.70 | 7.30 |
| 40-44 | 4.98 | 5.19 | 4.76 | 5.95 | 5.89 | 5.90 | 7.10 | 7.10 | 7.00 |
| 45-49 | 4.21 | 4.14 | 4.27 | 5.82 | 5.72 | 5.93 | 5.70 | 5.50 | 5.80 |
| 50-54 | 2.92 | 2.84 | 2.99 | 4.94 | 4.76 | 5.13 | 5.10 | 5.00 | 5.20 |
| 55-59 | 2.90 | 2.59 | 3.20 | 4.00 | 3.80 | 4.22 | 4.90 | 4.80 | 5.10 |
| 60-64 | 2.49 | 2.22 | 2.76 | 2.53 | 2.43 | 2.63 | 4.60 | 4.40 | 4.80 |
| 65 и пов. | 6.20 | 0.81 | 0.0 | 6.71 | 6.48 | 6.90 | 8.70 | 8.80 | 8.40 |

Извор на податоци: РЗС, *Сшашисшички годишник на СР Македонија,* 1980, Скопје, стр. 61, *Сшашисшички йреглед 126,* 1982, стр. 15.

Извор на податоци: ЗСРМ, *Книга I*, 1996, стр. 44.

Врз основа на овие промени во контингентот по старосни групи доаѓаа до одраз поранешните развојни тенденции во одделните компоненти на вкупното движење на населението (природно и механичко, како и другите настани што се одразиле врз овие тенденции (долгорочно може да се предвидат идните промени).

Промените во контингентите население по петгодишни старосни групи и по пол на Република Македонија може да се согледаат од табела бр.7.

Табела бр. 7 *Население на Р. Македонија според возраст по петгодишни старосни групи според пописите од 1931 до 1994 год.*

| | 1931[1] | 1948 | 1953 | 1961 | 1971 | 1981 | 1991[2] | 1994[3] |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно | 949958 | 1152986 | 1304514 | 1406003 | 1647308 | 1909136 | 2033964 | 1945932 |
| 0-4 | 157484 | 159661 | 199457 | 187535 | 181098 | 191642 | 154549 | 152456 |
| 5-9 | 125167 | 140091 | 146083 | 177020 | 177987 | 184854 | 167433 | 163546 |
| 10-14 | 81626 | 138234 | 136173 | 158364 | 176682 | 178681 | 165970 | 167921 |
| 15-19 | 90986 | 118396 | 135927 | 122874 | 172734 | 178205 | 130859 | 162852 |
| 20-24 | 87343 | 105959 | 123394 | 120121 | 151455 | 174352 | 153652 | 153490 |
| 25-29 | 71973 | 81336 | 105408 | 118901 | 116079 | 165074 | 156511 | 151339 |
| 30-34 | 55651 | 60605 | 80788 | 102826 | 115202 | 146028 | 164193 | 148500 |
| 35-39 | 42290 | 75401 | 59857 | 85354 | 114329 | 113784 | 163189 | 145911 |
| 40-44 | 41614 | 57432 | 72651 | 56432 | 98322 | 113549 | 145993 | 137304 |
| 45-49 | 37192 | 48490 | 57203 | 62822 | 81441 | 111127 | 111975 | 109957 |
| 50-54 | 36976 | 33629 | 47260 | 56828 | 53265 | 94365 | 110442 | 99814 |
| 55-59 | 30647 | 33383 | 33441 | 46411 | 58549 | 76438 | 109764 | 95913 |
| 60-64 | 32126 | 28682 | 29606 | 34192 | 50929 | 48233 | 88812 | 88948 |
| 65 и пов. | 58853 | 71635 | 77127 | 74891 | 94859 | 128261 | 165716 | 164678 |
| непознато | 30 | 52 | 139 | 1432 | 4377 | 4543 | 14906 | 3303 |

[1] Податоците за Пописот од 1931 се преземени од едицијата *Студии, анализи и прикази*, бр. 22/1964, издание на СЗС Белград.

[2] Дефинитивни податоци врз основа на попишаното и проценетото од пописот од 1991.

[3] Попишаното и проценетото население според дефинитивните резултати од Пописот од 1994. Вкупното население во согласност со дефиницијата од Пописот од 1994, дадена на стр. 96 од методолошките објаснувања.

Од податоците во оваа табела се забележува намалување на застапеноста на населението во помладите старосни групи, во споредба со 1948 година, и тоа до старосната група од 25 до 29 години. Во старосните групи 25-29 до 35-39 години има поголема застапеност на населението отколку во 1948 година, а во старосната група 35-39 години се забележува повторно намалување на населението во 1981 година. Од 40 до 44 годишна старосна група во 1981 година, во споредба со 1948 година, се забележува зголемено учество на населението во овие старосни групи.

**Од оваа анализа на промените во контингентите на населението по старосни групи од по пет години старост може да се заклучи дека во Република Македонија настанува и настапува еден бавен процес на стареење на населението. Ова се должи на долгорочното опаѓање (1948-1981) на стапката на наталитетот и природниот прираст на населението во Република Македонија што ќе има и негативни импликации во демографските воено-способни потенцијали значајни за пополнување на сите структури на нашиот одбранбено-заштитен систем.**

Идентични тенденции на овој план продолжуваат и во наредниот период.

Ако се анализираат овие промени на контингентите население по петгодишни старосни групи во 2000-та година (според студијата "Прогноза за населението во СРМ 1976-2000-та година", РЗС,

Скопје, 1978, стр. 44) во споредба со 1981 година, ќе констатираме дека во овој период настанува поместување на населението од помладите старосни групи кон постарите, така што за старосните групи од 20-24 години се забележува речиси приближно изедначување на учеството на населението во 2000-та година во однос на 1981 година, а во старосните групи 30-34 до 50-54 година се забележува значаен пораст на учеството на населението во 2000 година, за разлика од 1981 година. Ова зборува дека во периодот од 1981 до 2000 година ќе имаме побрз процент на стареење на населението на Република Македонија што ќе има уште понегативни последици врз пополнувањето со помлади годишта на определени структури на одбранбено-заштитниот систем.

Овие промени во контингентите население по петгодишни старосни групи уште појасно може графички да се согледаат и анализираат преку „пирамидата на староста“ (графикон 1, 2, 3, 4 и 5).

*ПРОМЕНИ ВО КОНТИНГЕНТИТЕ НАСЕЛЕНИЕ*

*Вкупно население по старост и пол според пописите од 1948, 1981 и 1994 година*

Графикон бр. 1




Извор на податоците: РЗС

Статистички годишник на СРМ 1982, Скопје, 1982, стр. 61.

*Вкупно население по старост и пол според прогнозата на населението во 2001 год.*

Графикон бр. 2




Извор на податоците: РЗС
Прогноза на население во СРМ во1975-2000 год., Скопје, 1976, стр. 44-61.

Од податоците можеме да заклучиме дека во периодот 1948-1981 година се забележува опаѓање на учеството на просечното население и пораст на старото население, што значи дека во Република Македонија во 1981 година (според класификацијата на полскиот демограф Едвард Росет) имаме процес на староење на населението, (III група на прагот на староење).

Во 2000 година ќе продолжи тенденцијата на намалување на младото население, а ќе се зголеми порастот на просечното и старото население, така што се прогнозира учеството на население старо „60 и повеќе години“ да биде 13,5% од вкупното население, што значи дека Република Македонија во 2000 година ќе биде во IV група најкритична - демографска старост. *Влегувањето на Македонија во клубот на земјите на „стари нации“ (земји со стара популација) ќе има мошне негативни импликации и врз потенцијалните можности за организирање и пополнување на актуелниот модел на одбранбено-заштитниот систем.*

Според резултатите на прогнозата за старосната структура на

населението во Република Македонија во 2001 година по националност, со сигурност можеме да констатираме дека најалармантна ќе биде состојбата со македонското население кое ќе ја надмине критичната вредност од 12 % на старо население (демографска старост) и ќе достигне вредност од 13,2%, табела број 8.

***Овој алармантен податок говори дека кај македонското население се доведува во прашање неговата биолошка репродукција што може да има катастрофални последици врз целокупната интегрална безбедност, суверенитет и независноста на Македонија во иднина (ако не се спречат овие негативни демографски трендови).*** Албанското население со 6,7% старо население во 2001 година ќе се наоѓа во I група - група на демографска младост.

Во табелата бр. 10 се прикажани четири старосни групи од чии бројни вредности може да се заклучи дека сите контингенти на возраст од 15-19 години кај сите националности, со исклучок кај Македонците, ќе *се зголемат во однос* на 1981 година. *Бројот на децата под 15 годишна возраст кај Македонците ќе порасне за 1,7%, кај Албанците за 27,1% итн.* што во голема *мерка е значајно за планирање на регрутниот,* но и на *мобилизацискиот потенцијал на Република Македонија во иднина.*

Контингентот на работоспособното (вое       носпособно) население над 19 годишна возраст ќе порасне кај Македонците за 18,4%, кај Албанците за 79,7%, кај Турците за 64,7% и кај другите за 36,8%.

За идните планери на регрутно-мобилизацискиот потенцијал во Република Македонија сметаме дека е значајно да ги презентираме и податоците за прогнозираното население во Република Македонија, по пол, возраст и националност за 30 јуни 2001 година.

Според добиените резултати (прогнозите се правени без вкомпонирана претпоставка за идните миграциони движења) во периодот 30 јуни 1981 и 30 јуни 2001 година, вкупниот број на населението во Република Македонија ќе се зголеми од 1915662 на 2 113.761 или за околу 498.000 лица.

Од тој број зголемувањето на Македонците би изнесувало 44,2% или 220.000 лица, на Албанците 38,9% или 193.400 лица, на Турците 7,3% или 36.000 лица и на другото население 9,6% или 47.700 лица. Нерамномерниот пораст на населението ќе предизвика промена во структурата на населението во Република Македонија по национална и етничката припадност.

Табела бр. 8 *Старосна структура на населението во Р. Македонија во 1981 и 2001 година по националност*

| | Година | Вкупно | Македонци | Албанци | Турци | Други |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Број на население | | | | | | |
| 0-14 | 1981 | 577.210 | 324.450 | 149.376 | 31.900 | 51.484 |
| | 2001 | 609.169 | 330.101 | 189.921 | 35.325 | 53.822 |
| 15-19 | 1981 | 178.863 | 110.156 | 43.333 | 9.563 | 15.791 |
| | 2001 | 189.239 | 109.825 | 51.109 | 11.177 | 17.128 |
| 20-(59) 64 | 1981 | 1.021.535 | 729.566 | 163.623 | 40.451 | 87.915 |
| | 2001 | 1.343.746 | 864.136 | 293.609 | 66.632 | 119.369 |
| (60) 65+ | 1981 | 158.054 | 118.456 | 22.958 | 5.123 | 11.517 |
| | 2001 | 271.607 | 198.653 | 38.384 | 10.510 | 24.060 |
| Структура | | | | | | |
| Вкупно: | | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 |
| 0-14 | 1981 | 29.1 | 25.3 | 39.4 | 36.6 | 39.0 |
| | 2001 | 25.2 | 22.0 | 33.1 | 28.6 | 25.1 |
| 15-19 | 1981 | 9.3 | 8.6 | 11.4 | 11.0 | 9.5 |
| | 2001 | 7.8 | 7.3 | 8.9 | 9.0 | 8.0 |
| 20-(59) 64 | 1981 | 53.3 | 56.9 | 43.1 | 46.5 | 52.7 |
| | 2001 | 55.7 | 57.5 | 51.2 | 53.9 | 55.7 |
| (60) 65+ | 1981 | 8.3 | 9.2 | 6.1 | 5.9 | 6.9 |
| | 2001 | 11.3 | 13.2 | 6.7 | 8.5 | 11.2 |

Извор на податоците: Соња Масевска, Претстојните промени во бројот на некои структури на населението во СР Македонија до 2001 година, МАНУ, Проблеми на демографскиот развој во СР Македонија, Скопје 1985 година.

Учеството на Македонците во вкупното население ќе се намали од 67,0% на 62,3% (табела бр. 9), во корист на учеството на другото население. Учеството на Албанците ќе се зголеми од 19,8% на 23,7%, кај Турците од 4,5% на 5,1% и кај другите од 8,7% на 9,0%. Врз основа на графиконите 3 и 4 (сл. 1 и 2) кои произлегуваат од табелата бр. 12 може да се види дека кон 2001 година значително ќе се намали учеството на Македонците во контингентот младо население и младо работоспособно (воеоспособно) население главно во полза на порастот на учеството на албанското население. ***Ако во 1981 година на 100 деца под 15 годишна возраст од албанска националност доаѓаат 217 Македончиња, во 2001 година ќе има само 174. За населението на возраст од 15-39 години односот ќе опадне од 366 на 224 Македонци на секои 100 Албанци.***

Табела бр. 9 *Проценето население за Р. Македонија по возраст и националност за 30 јуни 1981 година*

| | Р. Македонија | Македонци | Албанци | Турци | Други |
|---|---|---|---|---|---|
| | вкупно | вкупно | вкупно | вкупно | вкупно |
| 0-4 | 192.348 | 111.372 | 51.665 | 11.334 | 17.977 |
| 5-9 | 185.531 | 108.119 | 49.731 | 10.509 | 17.172 |
| 10-14 | 179.331 | 104.959 | 47.980 | 10.057 | 16.335 |
| 15-19 | 178.863 | 110.156 | 43.333 | 9.563 | 15.791 |
| 20-24 | 174.950 | 116.562 | 34.633 | 8.604 | 15.146 |
| 25-29 | 165.620 | 117.615 | 26.813 | 6.965 | 14.227 |
| 30-24 | 146.504 | 106.396 | 22.191 | 5.425 | 12.492 |
| 35-39 | 114.157 | 81.802 | 18.679 | 4.226 | 9.450 |
| 40-44 | 113.925 | 80.403 | 18.537 | 4.238 | 10.747 |
| 45-49 | 111.487 | 80.947 | 16.235 | 4.033 | 10.271 |
| 50-54 | 94.671 | 68.849 | 13.881 | 3.558 | 8.383 |
| 55-59 | 76.677 | 59.209 | 9.170 | 2.516 | 5.782 |
| 60-64 | 48.386 | 36.401 | 6.912 | 1.747 | 3.326 |
| 65 + | 133.232 | 99.838 | 19.524 | 4.262 | 9.608 |
| Вк. | 1.915.662 | 1.282.628 | 379.290 | 87.037 | 166.707 |

Табела бр. 9.а. *Прогнозирано население за Македонија по возраст, пол и националност за 30 јуни 2001 година*

| | Р. Македонија | | | Македонци | | | Албанци | | | Турци | | | Други | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | вкупно | машки | женски | вкупно | м. | ж. | вкупно | м. | ж. | вкупно | м. | ж. | вкупно | м. | ж. |
| 0-4 | 205.273 | 105.671 | 99.602 | 109.763 | 56.145 | 53.618 | 65.877 | 34.383 | 31.494 | 11.583 | 5.956 | 5.627 | 18.050 | 9.187 | 8.863 |
| 5-9 | 203.606 | 104.756 | 98.850 | 109.093 | 55.775 | 53.318 | 64.715 | 33.767 | 30.948 | 11.828 | 6.077 | 5.751 | 17.970 | 9.137 | 8.833 |
| 10-14 | 200.290 | 102.947 | 97.343 | 111.245 | 56.847 | 54.398 | 59.329 | 30.949 | 28.380 | 11.914 | 6.109 | 5.805 | 17.802 | 9.042 | 8.760 |
| 15-19 | 189.239 | 96.939 | 92.300 | 109.825 | 56.037 | 53.788 | 51.109 | 26.731 | 24.378 | 11.177 | 5.653 | 5.524 | 17.128 | 8.518 | 8.610 |
| 20-24 | 188.463 | 96.863 | 91.600 | 109.737 | 55.949 | 53.788 | 49.872 | 26.076 | 23.796 | 11.155 | 5.716 | 5.439 | 17.699 | 9.122 | 8.577 |
| 25-29 | 182.969 | 94.064 | 88.905 | 106.658 | 54.633 | 52.025 | 49.009 | 25.447 | 23.562 | 10.365 | 5.311 | 5.054 | 16.937 | 8.673 | 8.264 |
| 30-24 | 176.317 | 90.572 | 85.745 | 103.232 | 52.631 | 50.601 | 47.130 | 24.537 | 22.593 | 9.889 | 5.185 | 4.704 | 16.066 | 8.219 | 7.847 |
| 35-39 | 174.941 | 89.589 | 85.352 | 107.834 | 54.733 | 53.101 | 42.294 | 22.237 | 20.057 | 9.357 | 4.747 | 4.610 | 15.456 | 7.872 | 7.584 |
| 40-44 | 113.925 | 57.237 | 56.688 | 80.403 | 40.400 | 40.003 | 18.537 | 17.615 | 16.126 | 8.363 | 4.238 | 4.125 | 14.733 | 7.445 | 7.288 |
| 45-49 | 159.268 | 81.402 | 77.866 | 113.214 | 58.102 | 55.112 | 25.667 | 13.097 | 12.570 | 6.694 | 3.485 | 3.209 | 13.693 | 6.718 | 6.975 |
| 50-54 | 138.241 | 69.795 | 68.446 | 100.479 | 51.203 | 49.276 | 20.825 | 10.295 | 10.530 | 5.139 | 2.632 | 2.507 | 11.798 | 5.665 | 6.133 |
| 55-59 | 104.506 | 52.153 | 52.353 | 74.964 | 37.675 | 37.289 | 16.971 | 8.474 | 8.497 | 3.866 | 1.920 | 1.946 | 8.705 | 4.084 | 4.621 |
| 60-64 | 99.056 | 48.483 | 50.573 | 70.053 | 34.297 | 35.756 | 15.935 | 8.100 | 7.835 | 3.695 | 1.804 | 1.891 | 9.373 | 4.282 | 5.091 |
| 65 + | 221.034 | 102.390 | 118.644 | 162.897 | 75.858 | 87.039 | 30.549 | 14.736 | 15.813 | 8.619 | 3.755 | 4.864 | 18.969 | 8.041 | 10.928 |
| Вк. | 2.413.761 | 1.222.874 | 1.190.887 | 1.502.715 | 757.837 | 744.878 | 573.023 | 296.444 | 276.579 | 123.644 | 62.588 | 61.056 | 214.379 | 106.005 | 108.374 |

Исти извори.

Табела бр. 10 *Релативно учество на населението по националност во Р.Македонија во 1981 и 2001 година по одделни старосни групи*

| | Вкупно | Македонци | | Албанци | | Турци | | Други | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 1981 | 2001 | 1981 | 2001 | 1981 | 2001 | 1981 | 2001 |
| 0-4 | 100 | 57.9 | 53.5 | 26.9 | 32.1 | 5.9 | 5.6 | 9.3 | 8.8 |
| 5-9 | 100 | 58.3 | 53.6 | 26.8 | 31.8 | 5.7 | 5.8 | 9.2 | 8.8 |
| 10-14 | 100 | 58.5 | 55.5 | 26.8 | 29.6 | 5.6 | 6.0 | 9.1 | 8.9 |
| 15-19 | 100 | 61.5 | 58.0 | 24.2 | 27.0 | 5.4 | 5.9 | 8.8 | 9.1 |
| 20-24 | 100 | 66.6 | 58.2 | 19.8 | 26.5 | 4.9 | 5.9 | 8.7 | 9.4 |
| 25-29 | 100 | 71.0 | 58.3 | 16.2 | 26.8 | 4.2 | 5.7 | 8.6 | 9.2 |
| 30-24 | 100 | 72.6 | 58.6 | 15.2 | 26.7 | 3.7 | 5.6 | 8.5 | 9.1 |
| 35-39 | 100 | 71.6 | 61.6 | 16.4 | 24.2 | 3.7 | 5.3 | 8.3 | 8.8 |
| 40-44 | 100 | 70.6 | 66.7 | 16.3 | 19.8 | 3.7 | 4.9 | 9.4 | 8.6 |
| 45-49 | 100 | 72.6 | 71.1 | 14.6 | 16.1 | 3.6 | 4.2 | 9.2 | 8.6 |
| 50-54 | 100 | 72.7 | 72.7 | 14.7 | 15.1 | 3.8 | 3.7 | 8.8 | 8.6 |
| 55-59 | 100 | 77.2 | 71.7 | 12.0 | 16.1 | 3.3 | 3.7 | 7.5 | 8.3 |
| 60-64 | 100 | 75.2 | 70.7 | 14.3 | 16.1 | 3.6 | 3.7 | 6.9 | 9.5 |
| 65 + | 100 | 74.9 | 73.7 | 14.7 | 13.8 | 3.2 | 3.9 | 7.2 | 8.6 |
| Вкупно | 100 | 67.0 | 62.3 | 19.8 | 23.7 | 4.5 | 5.1 | 8.7 | 9.0 |

Исти извори.

Просечната старост во Република Македонија може да се види во табелата бр. 11. Од податоците за промените за просечната возраст на населението се гледа дека постои тенденција кон стареење, односно зголемување на просечната возраст како на вкупното население, така и на машкото и на женското население во целиот период од 1948 до 1994 година.

Табела бр. 11 *Просечна возраст на населението во РМ по пол според пописите на населението*

| | 1948 | 1953 | 1961 | 1971 | 1981 | 1994 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Просечна возраст | 26.2 | 26.5 | 26.7 | 27.9 | 29.6 | 32.9 |
| Машки | 25.8 | 26.2 | 26.4 | 27.6 | 29.2 | 32.2 |
| Женски | 26.5 | 26.7 | 26.9 | 28.1 | 30.0 | 33.5 |

Извор на податоците: РЗС, *Статистички годишник на СРМ 1982,* стр. 61, а за 1948 година: *Социјалистички самоуправен општествено-економски развој на СРМ (1978-1981),* Скопје, 1981, стр. 113.

Извор на податоците: РЗС, *Статистички годишник на РМ 1998, стр. 106.*

Промените на контингентите население по старосни групи 0-19, 20-59 и 60 и повеќе години уште повалидно ќе ни го прикажат процесот на стареење на населението во Република Македонија. Во науката се смета дека коефициентот на возраста е основен аналитички показател на процесот на стареењето. Кога учеството на лицата стари 60 и повеќе години ќе достигне 12% се смета дека населението почнува да старее. Состојбата во Република Македонија за процесот на стареењето за периодот од 1948 до 1981 година и прогнозата за 2000 година презентирана е во табелата бр. 12.

Табела бр. 12 *Структура на населението во РМ според големите старосни групи*

| Години | Вкупно | 0-19 | 20-59 | 60 и повеќе |
|---|---|---|---|---|
| | | (младо) | (средно) | (старо) |
| 1948 | 100.0 | 48.3 | 43.0 | 8.7 |
| 1953 | 100.0 | 47.4 | 44.4 | 8.2 |
| 1961 | 100.0 | 45.9 | 46.2 | 7.9 |
| 1971 | 100.0 | 43.0 | 47.9 | 9.1 |
| 1981 | 100.0 | 38.5 | 52.3 | 9.2 |
| 2000 (прогноза) | 100.0 | 31.3 | 55.2 | 13.5 |

Извор на податоците: За 1948-1971 од *Статистички годишник на СРМ 1982, стр. 61*. За 1981 од *Статистички преглед* бр. 126 од 1982, стр. 15. За 2000 од *Прогноза на населението во СРМ од 1975-2000 година*, Скопје 1976, стр. 47-49.

Наместо заклучок можеме да констатираме дека населението во Република Македонија гледано во целина, е навлезено во процес на стареење што со прогнозата се очекува да продолжи и во иднина. При старосната пирамида за 2001 година сл. 2 (графикон бр. 4) основата е забележително потесна со таа кај пирамидата за 1981 година, сл. 1 (Графикон бр. 3). Процесот на стареење најпрвин почнал кај Македонците, што посредно се заклучува од изгледот на старосните пирамиди на сл. 3, 5, 7 и 9 (графикон бр. 5).

Со прогнозите се очекува тој процес да биде евидентен и кај населението од другите националности. Основата на старосната пирамида за 2001 година кај Албанците е потесна од соодветната за 1991 година, кај Турците е уште потесна, дури малку и потсечена, додека кај другото население ќе се стесни, но без да биде потсечена.

Графикон бр. 3

*Старосна пирамида на населението во РМ по националност 1981 год.*




Графикон бр. 4

*Старосна пирамида на населението во РМ по националност 2001 год.*




**Старосната пирамида за Македонците во 2001 година**

**(графикон бр.4) воопшто нема изглед на пирамида. Кај неа доминира учеството на старо население од 65 и повеќе години, а нема основа т.е. младо население што би ветувало дека перспективно ќе се создаде поширока основа (под претпоставка фертилитетот да остане на сегашно ниво). Ако уследи пад на фертилитетот (што не е исклучено) и основата од графикон бр. 4 ќе биде потсечена.**

Графикон бр. 5

*Претстојни промени*

Старосна пирамида на Македонците во Р. Македонија во 1981 год.




сл. 3

Старосна пирамида на Албанците во Р. Македонија во 1981 год.




сл. 5

Старосна пирамида на Македонците во Р. Македонија во 2001 год.




сл. 4

Старосна пирамида на Албанците во Р. Македонија во 2001 год.




сл. 6

Старосна пирамида на Турците во Р. Македонија во 1981 год.




сл. 7

Старосна пирамида на други нац. во Р. Македонија во 1981 год.




сл. 9

Старосна пирамида на Турците во Р. Македонија во 2001 год.




сл. 8

Старосна пирамида на други нац. во Р. Македонија во 2001 год.




сл. 10

Човечкиот фактор претставува најзначајниот фактор за успешно водење на војната во целост.

**Но само човечки фактор со висок степен на решеност, подготвеност и обученост за успешно водење на војната, човечки потенцијали со солидна квалификациона структура, со одлична здравствената состојба, луѓе решени да го одбранат својот стил на живот и системот на виталните општествени вредности.**

**Нашите човечки потенцијали се скромни, со нивно неповолно лоцирано тежиште, со неповолна макроразместеност која не одговара на многу потреби од нашата одбрана, со висока концентрација (околу 1/3 од целокупната популација) во главниот град на Република Македонија.**

Успешното надминување на овие противречности и негативни влијанија врз одбранбениот систем ќе придонесат за максимално и ефикасно вклучување и ангажирање на нашите човечки потенцијали

во успешното остварување на праведните цели во евентуалната војна наметната од нашите потенцијални агресори.

Просторите на демографските тежишта во нашата земја имаат стратегиско значење за нашата одбрана, што е значајно и за севкупните анализи од воено-географски аспект.

Врз основа на презентираните податоци за тенденциите на развојот на демографските потенцијали на Р. Македонија, анализите за проектираните вредности за промените на контингентите на населението според старосните групи и националната припадност (податоците се фрапантни за македонската популација), со сигурност можеме да констатираме дека постои огромна потреба за суштинска промена во системот на воеността пополнување и мобилизација на ВС на Р. Македонија.

Овие суштински промени би ја потенцирале неопходноста за отпочнување на интензивен процес за помасовна професионализација на сите воени структури на АРМ во иднина и целосно преиспитување на нејзините актуелни квантитативни параметри кои се крајно непрофесионално и нереално детерминирани.

## SUMMARY

Mitko KOTOVČEVSKI

**MILITARY-GEODEMOGRAPHIC FEATURES OF THE REPUBLIC OF MACEDONIA**

The following study presents a sublimed presentation of all significant elements of the human resources in Republic of Macedonia, primarily viewes as the most important factor in war armed combat.

From the military aspect, the population is the most important quantity component in the geographical area. The military-geographical aspect studies the population of a specific region in order to understand the potential level of participation of the demographic potential in the total potential, with its all quantity, and to certain degree quality peculiarities.

The most significant segment of the study is the population movement forecast until the year 2001 in Republic of Macedonia according to age and ethnic background, as well as determination of age pyramids, which are very important in the modern military defense planning.

Special emphasis is placed upon the forecast model for the population in the highlands and border regions, areas of special interest to the national security of Republic of Macedonia.

The latest demographic movements fully support the results of the previous research and present a sold foundation for new military-demographic and demographic research.